- кционерско друштво за проектирање и производ
на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0201 - 38
30. 05 2025 год.
СКОПЈЕ

# А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

---

Т.1

## СОБРАНИЕ НА АД

Врз основа на чл. 384, став 2, точка 1 и 3 од ЗТД и чл. 60, став 1 точка 5 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

**за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2024 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар - Апаратна Техника за деловната 2024 г.**

1. Се усвојува Годишниот извештај на Одборот на директори на АД Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје за работењето на Друштвото во деловната 2024 година.

2. Се одобрува работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје за деловната 2024 година.

3. Составен дел на оваа Одлука е Годишниот извештај на Одборот на директори на АД Раде Кончар – Апаратна техника – Скопје за работењето на Друштвото во деловната 2024 година.

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Акционерско друштво за проектирање и производство
на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0201-39
30.05 2025 год.
СКОПЈЕ

**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

Т.2

**СОБРАНИЕ НА АД**

Врз основа на чл. 384 став 2, точка 1 од Законот за трговските друштва и чл. 60. став 1 точка 6 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишната сметка за 2024 година**

Се усвојува Годишната сметка на АД Раде Кончар – Апаратна техника – Скопје, за 2024 година со следните резултати:

| | |
|---|---|
| **Вкупни приходи** | **50.231.994** |
| **Вкупни расходи** | **14.018.049** |
| **Добивка пред оданочување** | **36.213.945** |
| **Данок на добивка за финансиска година** | **2.509.243** |
| **НЕТО ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | **33.704.702** |

Составен дел на оваа одлука е Годишната сметка за 2024 година.

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Акционерско друштво за проектирање и производство
на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0201 – 40
30. 05. 2025 год.
СКОПЈЕ

## А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија



**СОБРАНИЕ НА АД**

Врз основа на чл. 384 став 2, точка 1, а во врска со чл.479 став 1 од Законот за трговски друштва и чл. 60, а во врска со чл. 79 став 1 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 30.05.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за усвојување на ревидираните финансиски извештаи за 2024 година

1.Се усвојуваат финансиските извештаи на АД Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје за годината што завршува на 31 декември 2024 година, изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и ревидирани од страна на **Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО - Скопје,** заедно со Мислењето од ревизорот.

2.Ревидираните Финансиски извештаи за 2024 година, претставуваат составен дел на оваа Одлука.

3.Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0201 - 41
30. 05 2025 год.
СКОПЈЕ

# А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија



## СОБРАНИЕ НА АД

Врз основа на чл. 483, а в.в со чл. 383 став 1 т. 2 од Законот за трговски друштва како и чл. 60, став 1, точка 6 и чл.80 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 30.05. 2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### за распределба на добивката по годишната сметка за 2024 година

Се усвојува распределбата на добивката по годишната сметка за деловната 2024 година на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Нето добивка** | **33.704.702** |
| **2.** | **Статутарни издвојувања по чл. 80 став 2** | **4.269.576** |
| **3.** | **Добивка за распределба на дивиденда** | **26.809.900** |
| **4.** | **Акумулирана добивка** | **2.625.226** |

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје 2

Бул. III Македонска Бригада 6б, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 2462 412; + 389 (0)2 2463 560; факс.+389 (0)2 2464 622

Акционерско друштво за проектирање и производст
на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИК
Бр. 0201 - 42
30. 05. 2025 год.
СКОПЈЕ

# А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

Т.5

## СОБРАНИЕ НА АД

Врз основа на чл. 490 од Законот за трговски друштва како и чл. 60 а во врска со чл. 80 став 7 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
**за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар**

**Чл.1**

Согласно Одлуката за распределба на добивката по годишна сметка за деловната 2024 година, се утврдува износот на дивиденда за една акција да изнесува во бруто износ од 130 денари по акција.

**Чл.2**

Датум на пресек на акционерската книга, како датум на евиденција според која се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда е **16.06.2025 година**

**Чл.3**

Последен ден на тргување со право на дивиденда е **12.06. 2025 година.**

**Чл.4**

Прв ден на тргување без право на дивиденда е **13.06. 2025 година.**

**Чл.5**

Исплатата на дивиденда ќе се изврши во законски предвидениот рок, односно најдоцна до 30 септември 2025 година.

**Чл.6**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје 2

Бул. III Македонска Бригада 6б, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 2462 412; + 389 (0)2 2463 560; факс.+389 (0)2 2464 622

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0201 - 43
30. 05 2025 год.
СКОПЈЕ

# А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија



## СОБРАНИЕ НА АД

Врз основа на чл.489 од Законот за трговски друштва , Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За исплата на аванс на дивиденда

Се овластува Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, во текот на деловната 2025 година врз основа на периодична сметка или периодичните финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеца , ревидирани од страна на овластениот ревизор, да им исплати на акционерите аванс на име дивиденда за тековната година.
Авансот на дивиденда, може да се исплати само до износот на добивката којашто е остварена во периодот за кој што се исплаќа авансот на дивиденда, при што не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишната сметка, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите коишто се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со статутот, за периодот за којшто се пресметува авансот на дивиденда.

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Бул. III Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 2462 412; + 389 (0)2 2463 560; факс.+389 (0)2 2464 622

Акционерско друштво за проектирање и производс
на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИК
Бр. 0201 - 44
30. 05. 2025 год.
СКОПЈЕ

# А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

**Т.7**

## СОБРАНИЕ НА АД

Врз основа на чл. 479 од Законот за трговски друштва и чл.60 а во врска со чл. 79 став 1 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна Техника Скопје, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 30.05. 2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

**за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи на АД Раде Кончар – Апаратна техника – Скопје за 2025 година**

1. За спроведување на ревизија на финансиските извештаи на АД Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, за 2025 година, се одредува ревизорското друштво: **Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО - Скопје**.

2. Се овластува извршниот директор на АД Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, да склучи договор со друштвото од точка 1 од оваа одлука, а во согласност со нивната понуда.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА
Скопје
2

Бул. III Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 2462 412; + 389 (0)2 2463 560; факс.+389 (0)2 2464 622

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0201 - 45
30.05. 2025 год.
СКОПЈЕ

**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија



## СОБРАНИЕ НА АД

Врз основа на чл. 333 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
**За стекнување сопствени акции со откуп**

**Чл.1**
Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу една десетина од основната главнина на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, по најниска цена од 750 денари односно највисока цена од 5000 денари.

**Чл.2**
Откупот на акциите ќе се изврши во време коешто не може да биде подолго од дванаесет месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука.

Исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се изврши од сметката на Друштвото.

**Чл.3**
Купувањето на сопствените акции ќе се изврши од расположивите средства на Друштвото.

**Чл.4**
Друштвото ќе врши откуп на сопствените акции заради заштита на пазарната вредност на акциите.

**Чл.5**
Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА
Скопје
2

Акционерско друштво за проектирање и производство
на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0201 - 46
30. 05. 2025 год.
СКОПЈЕ

**А.Д. РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје - Македонија

**Т.9**

## СОБРАНИЕ НА АД

Врз основа на член 417 став 1 и член 418 од Законот за трговските друштва како и член 60 и член 90 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје , Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 30.05 .2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
**За измена и дополнување на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје**

**1)** Во Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје бр. 0201-71 од 20.05.2019 година се вршат следните измени и дополнувања:

**Чл. 1**

Во член 10 вториот став се менува и гласи:
**“ Претежна дејност на Друштвото е : 64.210 - Дејности на холдинг друштвата.”**

**Чл.2**

Членовите 25 и 26 **се бришат.**

**Чл.3**

Членовите 31, 32, 33, 34 и 35 **се бришат.**

**Чл.4**

Во членот 36 став 1 точка 1 наместо “управувачки акции” треба да стои “**акции со право на глас”.**
Во истиот член во т.2 текстот “по исплата на дел од дивидендата на приоритетните акции”, **се брише**

**Чл.5**

Во членот 38 во целиот текст наместо “управувачки акции” треба да стои “**акции со право на глас”.**

**Чл.6**

Во членот 39 став 1, текстот “по исплатата на дивидендата на приоритетните акции”,**се брише.**

А.Д. РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје - Македонија

**Чл.7**

Во член 47 во последниот став на крајот од текстот се става запирка и се додава следниот текст: "**а го потпишува претседателот на одборот на директори**".

**Чл.8**

Во членот 48 став 1 се менува и гласи: "**Извршен член на Одборот на директори не смее да врши друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за своја сметка или за туѓа сметка без одобрение на неизвршните членови на одборот на директори**".

**Чл.9**

Во член 59 во став1 наместо "управувачки акции", треба да стои: "**акции со право на глас**".

**Чл.10**

Во членот 60 став 1 алинеја 7 се менува и гласи: "**Именува овластен ревизор за годишната сметка и финансиските извештаи**".

**Чл.11**

Во членот 63 став 1 **се менува и гласи:**

**"Собранието се свикува со јавен повик кој се објавува на СЕИ НЕТ на Македонска берза, на интернет страната на Друштвото и на половина страница во дневен весник што излегува на целата територија на Република Северна Македонија"**

Во членот 63, последниот став **се менува и гласи:**

**"Рокот кој што тече од денот на објавувањето на јавниот повик до денот на одржување на собранието неможе да биде пократок од 30 дена до денот на одржување на собранието"**

**Чл.12**

Во членот 65 во став 1 наместо "управувачки акции" треба да стои: "**акции со право на глас**"
Во истиот член во став 2 и став 3 наместо зборовите "комисија за акции" треба да стои "**верификациона комисија**"

**Чл.13**

Во членот 66 став 2 наместо "управувачки акции" треба да стои: "**акции со право на глас**"

Бул. III Македонска Бригада 6б, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 2462 412; + 389 (0)2 2463 560; факс.+389 (0)2 2464 622

**Чл.14**

Во членот 67 став 2 наместо "комисија за акции" треба да стои **"верификациона комисија"**

**Чл.15**

Во членот 68 став1 наместо "управувачка акција", треба да стои: **"акција со право на глас".**
Во истиот член во ставот 5 наместо "управувачки акции" треба да стои: **"акции со право на глас"**

**Чл.16**

Во членот 71 точката од крајот на текстот се брише, се додава запирка и следниот текст:**" и овој Статут"**.

**Чл.17**

Во членот 74 став 2 после точката се става запирка и се додава следниот текст:
**"освен кога записникот го води нотар согласно одредбите на Законот."**

**Чл.18**

Членот 80 **се менува и гласи:**

**"За остварените резултати, распределбата на добивката или покривање на загубата, на предлог од Одборот на директори, одлучува Собранието на акционери на Друштвото.**

**Остварената добивка се распоредува на следниот начин:**
**-износот од добивката за покривање на загуби од претходните години доколку такви има;**
**-износите кои што се внесуваат во законските и статутарните резерви;**
**-износ наменет за исплата на награда на членовите на одборот на директори;**
**-износ кој се исплаќа како дивиденда на акционерите**
**-евентуален пренос на добивката во наредната година (акумулирана добивка) и**
**-износот на добивката со кој што би се извршило зголемување на основната главнина и износот од добивката за инвестиции.**

**Од нето добивката остварена во АД Раде Кончар-Апаратна техника, по оданочување, без добивките од наплатените дивиденди од друштвата со ограничена одговорност кои се придружни ентитети на Акционерското друштво , по законски задолжителното издвојување на законските резерви, 15% ќе се исплаќа како награда на членовите на Одборот на директори.**

**На членовите на Одборот на директори не им следи награда од добивката која е остварена со продажба на недвижен имот сопственост на Акционерското друштво, како и со продажба на недвижен имот сопственост на друштвата кои се придружни ентитети на Акционерското**

**друштво а преку кои Акционерското друштво остварува приход од придружен ентитет, во случај на продажба на недвижен имот во тие друштва.**

**На членовите на Одборот на директори не им следи награда во случај кога Друштвото ќе одлучи целокупната остварена добивка да се пренесе во наредната година како акумулирана добивка или истата се намени за инвестирање.**

**Наградите на членовите на Одборот на директори наведени во овој член ќе се исплаќаат поединечно на секој член зависно од поединечниот придонес на секој член на Одборот на директори, а врз основа на одлука на Одборот на директори.**

**Со одлуката за исплата на дивиденда на сопствениците на акции се определува износот на дивидендата по една акција, а во согласност со одредбите на овој Статут и Закон се одредува и времето на исплата на дивидендата кое неможе да биде подоцна од 30 септември во годината во која се донесува одлуката за исплата на дивидендата.**

**Дивиденда ќе се исплаќа на сопствениците на акции евидентирани во акционерската книга од Централен депозитар за хартии од вредност, согласно утврдениот дивиденден календар од страна на Собранието на акционери со Одлука со која се утврдува износот на дивиденда по акција, дивиденден календар и исплата на дивиденда.**

**Собранието може да донесе одлука за дел од добивката, односно дивидендата која припаѓа на акионерите, да им издаде нови акции".**

**Чл.19**

Во членот 95 ставот 2 се менува и гласи: **"Општите акти влегуваат во сила со денот на донесувањето."**

**Чл.20**

Членот 98 се брише.

**Чл.21**

Со бришење на членовите: 25,26, 31, 32, 33, 34 и 35, се менува редоследот на членовите и тоа: членот 27 станува 25; членот 28 станува 26; членот 29 станува 27; членот 30 станува 28; членот 36 станува 29; членот 37 станува 30; членот 38 станува 31; членот 39 станува 32; членот 40 станува 33; членот 41 станува 34; членот 42 станува 35; членот 43 станува 36; членот 44 станува 37; членот 45 станува 38; членот 46 станува 39; членот 47 станува 40; членот 48 станува 41; членот 49 станува 42; членот 50 станува 43; членот 51 станува 44; членот 52 станува 45; членот 53 станува 46; членот 54 станува 47; членот 55 станува 48; членот 56 станува 49; членот 57 станува 50; членот 58 станува 51; членот 59 станува 52; членот 60 станува 53; членот 61 станува 54; членот 62 станува 55; членот 63 станува 56; членот 64 станува 57; членот 65 станува 58; членот 66

станува 59; членот 67 станува 60; членот 68 станува 61; членот 69 станува 62; членот 70 станува 63; членот 71 станува 64; членот 72 станува 65; членот 73 станува 66; членот 74 станува 67; членот 75 станува 68; членот 76 станува 69; членот 77 станува 70; членот 78 станува 71; членот 79 станува 72; членот 80 станува 73; членот 81 станува 74; членот 82 станува 75; членот 83 станува 76; членот 84 станува 77; членот 85 станува 78; членот 86 станува 79; членот 87 станува 80; членот 88 станува 81; членот 89 станува 82; членот 90 станува 83; членот 91 станува 84; членот 92 станува 85; членот 93 станува 86; членот 94 станува 87; членот 95 станува 88; членот 96 станува 89 и членот 97 станува 90.

**2)** Се овластува Одборот на директори на Акционерското друштво, да подготви пречистен текст на Статутот во кој ќе бидат внесени измените и дополнувањата на Статутот извршени со оваа Одлука, а претседателот на Одборот на директори се овластува да го потпише пречистениот текст на Статутот.

**3)** Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е:**

Заради усогласување со одредбите на Законот за трговските друштва се пристапи кон измена и дополнување на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, со што се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје 2

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0201-47
30.05.2025 год.
СКОПЈЕ


# А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија


Т.10

## СОБРАНИЕ НА АД

Врз основа на чл. 504, став 1 и 2, од Законот за трговските друштва, а согласно правосилното Решение на Основниот Граѓански суд Скопје ВПП-434/21 од 02.02.2023, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За отпочнување на изготвување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје**

1.АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје се обврзува да отпочне со изготвување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи со ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности-Скопје, согласно член 504 став 1 од Законот за трговски друштва, во деловната 2025 година, сметано од стапувањето во сила на оваа одлука.

2.Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е:**

Пред Основниот Граѓански суд Скопје се водеше постапка за утврдување на преовладувачко влијание согласно чл.496 став 1 т.3 и став 3 од Законот за трговските друштва помеѓу АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје и ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности-Скопје на Предлог од Комисијата за хартии од вредност на РСМ.
На ден 02.02.2023 година од страна на Основниот Граѓански суд беше донесено Решение ВПП-434/21 со кое се утврдува постоење на преовладувачко влијание на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје над ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности-Скопје.
Апелациониот суд-Скопје со Решение ТСЖ-1767/23 од 21.11.2024 година го потврди Решението на Основен Граѓански суд ВПП-434/21 од 02.02.2023 со кое се утврдува постоење на преовладувачко влијание на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје над ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности-Скопје при што истото стана правосилно.
Врз основа на наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје 2

Акционерско друштво за проектирање и производство
на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0201 - 48
30. 05. 2025 год.
СКОПЈЕ

**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија



## СОБРАНИЕ НА АД

Врз основа на чл.383, став 1 т.3 од ЗТД и член 43 и чл.44 став 1 и став 2 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар - Апаратна техника - Скопје , Собранието на Акционерското друштво, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за отповикување и избор на членови на Одборот на директори

**Член 1**

Членовите на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје :

- Ѓорѓи Доновски
- Татјана Лазаревски
- Корина Киријас Џалева
- Мартин Кочмановски

се отповикуваат од функцијата, поради истекот на мандатот за кој се избрани, а кој мандат трае до изборот на нов Одбор на директори на седницата на Собранието на акционери на која на дневен ред е одобрување на годишната сметка од претходната деловна година и избор на Одбор на директори, согласно член 44 став 1 од Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, односно истите ја вршат функцијата до назначување на новиот Одбор на директори.

**Член 2**

1) За членови на Одборот на директори на АД Раде Кончар - Апаратна Техника Скопје, се избираат и назначуваат:

1. Ѓорѓи Доновски

2. Татјана Лазаревски

3.Корина Киријас Џалева.

4.Биљана Митревска

5. Мартин Кочмановски (независен член)

Членовите на Одборот на директори се именуваат за времетраење од една година до изборот на нов Одбор на директори на седницата на собранието на акционери на која на дневен ред е одобрување на годишната сметка за 2025 година и избор на Одбор на директори.
Членовите на Одборот на директори можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани.

Со назначување на членовите на Одборот на директори , престанува функцијата на досегашните членови на Одборот на директори .

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје 2

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0201 – 49
30. 05. 2025 год.
СКОПЈЕ

**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија



## СОБРАНИЕ НА АД

Врз основа на чл.365 став 1 од ЗТД и член 60 став 1 точка 4 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар - Апаратна техника - Скопје , Собранието на Акционерското друштво, на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### За корекција на висината на месечниот надомест на неизвршните членови на Одборот на директори

1.Се врши корекција на висината на месечниот надомест на неизвршните членови на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје на следниот начин:

| | |
|---|---|
| -Претседател на Одборот на директори | 700 еур/месечно |
| -Останати неизвршни членови | 500 еур/месечно |

Горенаведените износи ќе се исплаќаат во денарска противвредност согласно средниот курс на НБРСМ на денот на исплатата.

2.Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е:

Со Одлука на Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје бр. 0201-80 од 21.08.2018 година беше утврдена висината на месечниот надомест на неизвршните членови на Одборот на директори и тоа:
-Претседателот на Одборот на директори - 700 еур/месечно
-Останати неизвршни членови на Одборот на директори - 450 еур/месечно.
Со оваа Одлука се врши корекција на висината на месечниот надомест само на останатите неизвршни членови на Одборот на директори, односно се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје 2

Бул. III Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 2462 412; + 389 (0)2 2463 560; факс.+389 (0)2 2464 622